Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 242/0306
28.06.2018 год.
Скопје

28.06.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 јуни 2018 година, врз основа на примена жалба од Снежана Калабакова, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

Интернет порталот „Вечер.мк“ (www.vecer.mk), со текстот насловен „Патници 50 минути чекале „19“: Скопјани доживуваат голгота чекајќи автобус“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 12.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 13 јуни 2018 година, новинарката на весникот Нова Македонија, Снежана Калабакова, поднесе жалба за текстот со наслов „Патници 50 минути чекале „19“: Скопјани доживуваат голгота чекајќи автобус“, објавен на 12 јуни 2018 година, на интернет порталот „Вечер.мк“ (www.vecer.mk).

Калабакова, во жалбата, наведува дека целиот текст, чиј автор е таа, објавен во „Нова Македонија“ на 12 јуни, бил целосно преземен и објавен истиот ден на веб страницата на „Вечер.мк“, без да се наведе името на авторот.

*„Го молам Советот за етика да го провери случајот во однос на непримерното однесување на порталот“*, посочуваат од Нова Македонија во наводите на жалбата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Вечер.мк“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од порталот одговорија, но наместо на забелешките на жалителот, се осврнаа на работата на Советот за етика.

*„Според Законот, портал не е медиум и не си давајте значење, кое го немате. Не сме ваши членки и ниту имаме интерес со вас да соработуваме по било кој основ“*, се вели во одговорот на интернет порталот „Вечер.мк“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 12:

***Член 12: „Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот“.***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 25 јуни 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Таа веднаш заклучи дека се работи за грубо кршење на професионалните и етички стандарди, во случајов, комплетно преземање на текст од еден во друг медиум, со „симболично" наведување на изворот, од каде што е преземен.

Членовите на Комисијата најдоа дека наведувањето на изворот, „Нова Македонија", само под првиот пасус од текстот, како што постапил интернет порталот на „Вечер.мк", не е доволно да се валоризира трудот на авторот и дека медиумот требало јасно да посочи линк до оригиналната верзија, во случајов, до текстот на „Нова Македонија".

Комисијата се согласи дека се работи за нефер однос и очигледен обид вешто да се „присвои" туѓа содржина и да се претстави како своја, особено што станува збор за авторска сторија за која новинарот несомнено потрошил и труд и време.

Ова уште повеќе што правилата за преземање на текстови е јасно назначено и во самиот Правилник за користење на содржини од интернет порталот на „Нова Македонија"[1], каде што пишува дека при преземање на одреден текст:

– дозволено е објавување на 20% од текстот при што задолжително мора да се истакне изворот;

– доколку вашиот медиум е во електронска форма, потребно е да обезбедите линк до материјалот на „novamakedonija.com.mk".

Согласно горенаведеното, Комисијата утврди дека интернет порталот „Вечер.мк", го прекршил членот 12 од Кодексот на новинарите, во делот во кој се вели:

***„Непочитувањето на авторските права се смета за грубо кршење на етичките правила".***

Во овој контекст, Комисијата ги повикува медиумите јасно и експлицитно да го наведуваат изворот и авторот при преземање на содржини од друг медиум, како и да наведат линк, во случај кога се објавува целосно преземена содржина.

---

[1] https://www.novamakedonija.com.mk/%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D1%9A%D0%B5/

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Вечер.мк“ (www.vecer.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595